# СОДРЖИНА НА УПАТСТВОТО


А.ВОВЕД ........ 2
Што е ИПАРД ........ 2

Б.МЕРКА 302– ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА РУРАЛНИ ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ 2
Приоритетни сектори во мерка 302 ........ 3
Прифатливи проекти и прифатливи трошоци по тип на инвестиции ........ 4
Општи услови за корисници ........ 51

В. ГЕНЕРАЛНИ НАПОМЕНИ ........ 59
Општи прифатливи трошоци ........ 60
Неприфатливи трошоци ........ 61

Г. ПОСТАПКА ПРЕД АФПЗРР ........ 62
Поднесување на барање ........ 62
Обработка на барање и избор на корисници ........ 64
Склучување на договор ........ 64
Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата ........ 64

Д. ОСТАНАТИ ПРИЛОЗИ ........ 67

# А.ВОВЕД

### Што е ИПАРД

Инструментот за претпристапна помош на Европската Унија наменет за рурален развој (ИПАРД) е петта компонента на ИПА, со која се обезбедува финансиска помош за одржливо земјоделство и рурален развој, од аспект на подготовките за Заедничката земјоделска политика (ЗЗП) на ЕУ и инструментите за нејзино спроведување, поточно правилата за финансирање од Европскиот Фонд за земјоделство и рурален развој (ЕАРДФ), како и прилагодување на земјоделскиот сектор кон правилата и стандардите кои важат на Заедничкиот Пазар на ЕУ.

# Б.МЕРКА 302– ДИВЕРЗИФИКАЦИЈА И РАЗВОЈ НА РУРАЛНИ ЕКОНОМСКИ АКТИВНОСТИ

Инвестициите насочени кон развој и финансирање на алтернативни економски активности во руралните средини вклучувајќи алтернативни економски активности на земјоделските стопанства, што ќе обезбеди разновидност на фармските приходи кои во моментов се зависни исклучиво од земјоделството, поддршка за производство на специјалитети од храна со карактеристичен традиционален вкус, унапредување на руралниот туризам вреднување на природните предности и традиционални аспекти на руралните заедници и промоција на занаетчиството фокусирано на ракотворни активности и услужни занаети, со што ќе се придонесе за зголемување на конкурентноста и додадената вредност на руралните економии, подобрување на квалитетот на животот и создавање на нови работни места.

**Цели на мерката**

Главната цел на оваа мерка е да придонесе во создавањето на нови работни места и задржувањето на веќе постоечките, преку развој на активности за микро бизниси, а со тоа и подигнување на нивото на економската активност во руралните средини и запирање на раселувањето на населението од руралните средини. Поддршката за овој приоритет исто така ќе придонесе кон постигнување на подобар квалитет на живот на поширок круг на корисници во руралните средини.

## Приоритетни сектори во мерка 302

Приоритет ќе биде даден на инвестициите за создавање и развој на микро и мали бизниси во руралните области поврзани со преработката на храна, не-прехрамбени производствени активности, воведување на нови алтернативни земјоделското производство на земјоделско стопанство и обезбедување на земјоделски услуги, занаети и рурален туризам.

### 3021: Група на инвестиции за воспоставување и подобрување на неземјоделските производствени активности во руралните средини:

***Типови на инвестиции:***

30211: Создавање на мали капацитети за производство на храна,

30212: Создавање на активности за непрехрамбени активности,

30213: Воспоставување и модернизација на откупни центри за шумски производи,

30214: Промовирање на традиционални занаети,

30215: Поддршка за услужни дејности во руралните услуги (неземјоделски услуги)

### 3022: Група на инвестиции за диверзификација на земјоделските приходи:

***Типови на инвестиции***:

30221:Воведување на алтернативни системи за земјоделско производство,

### 3023: Група на инвестиции за обезбедување на земјоделски услуги во рурални средини:

***Типови на инвестиции***:

30231: Инвестиции за воспоставување на „Машински прстени“,

30232: Воспоставување и унапредување на приватните ветеринарни услуги,

### 3024: Група на инвестиции за промоција на руралниот туризам:

***Типови на инвестиции:***

30241: Изградба / реконструкција и модернизација на објектите за рурален туризам,

30242: Изградба / реконструкција и модернизација на капацитети за сместување на отворено

# Прифатливи проекти и прифатливи трошоци по тип на инвестиции

## Тип на инвестиција 30211

## СОЗДАВАЊЕ НА МАЛИ КАПАЦИТЕТИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ХРАНА

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции во производство на традиционални прехранбени производи согласно производствените активности и производи кои се наведени во Прилог 1 – "Список на прифатливи активности за преработка на храна".
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 6 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30211.

### МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност на храна – (Потврда за регистриран оператор со храна – Агенција за храна и ветеринарство, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)
- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

Напомена:

*Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за*

*безбедност на храна како и стандардите за безбедност и здравје на работа.*

- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина, А/Б интегрирана еколошка дозвола или поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола – Единица на локална самоуправа или Министерство за животна средина).

  Напомена:
  *Доколку Барателот во моментот на поднесуваљ на Барањето за финансиска поддршка за мерка 302, има поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола, во тој случај Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави А или Б интегрирана еколошка дозвола.*

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 750.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Земјоделско стопанство
2. Трговско друштво / трговец поединец
3. Задруга
4. Занаетчија

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од занаетчија во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО треба да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014).

Земјоделско Стопанство може да биде регистрирано како физичко лице за вршење на дополнителна дејност - земјоделство, како индивидуален земјоделец согласно Закон за пензиското и инвалидското осигурување односно Законор за вршење на земјоделска дејност или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

Семејните Земјоделските стопанства можат да вршат дополнителна дејност доколку се регистрирани за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство издадено од страна на МЗШВ.
Решение за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се стекнува доколку се исполнети условите за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема и доколку дејноста е во согласност со одобрените видови на дејности кои можат да се вршат како дополнителна дејност

- Правилникот за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителната дејност на семејното земјоделско стопанство (Службен весник на РМ бр.96/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.
- Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на Семејните земјоделски стопанства и нивниот обем (Службен весник на РМ бр.111/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

Доколку Семејното земјоделско стопанство започнува со вршење на дополнителна дејност, во тој случај Решението за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се доставува на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

КРИЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице на земјоделското стопанство треба да достави соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование - диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да доставaт потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

2. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013,

187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>
*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

## КРИТЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Барателот потребно е да се достави доказ за знаења за безбедност на храната на вработените лица кои работат во производните објекти кои се предмет на инвестицијата (согласно Листата на вработени која се доставува во прилог на Барањето), односно:

I) Доказ за завршено средно или високо образование:

***Завршено високо образование***

- Факултет за медицина
- Факултет за ветеринарна медицина
- Технолошко-металуршки – технологија на храна
- Природно-математички факултет - биологија или хемија
- Земјоделски науки и храна

***Завршено средно образование:***

- Средно ветеринарно училиште
- Средно медицинско училиште
- Средно стручно образование-прехрамбен смер
- Средно угостителско училиште

II) Сертификат за завршена обука за хигиена на храна и заштита на животната средина за вработените лицата кои работат во производните објекти кои се предмет на инвестицијата – (ЈЗУ Институт за јавно здравје, Центрите за јавно здравје низ Република Македонија или други правни и физички лица за спроведување на обука овластени од страна на Агенција за храна и ветеринарство), доколку истите немаат завршено соодветно образование наведени во точка а).

Напомена:
*Доколку барателот не поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот не се врши соодветната дејност Барателот треба да достави доказ за соодветно образование или стручна оспособеност по реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.*

3. БАРАТЕЛОТ – ЗАДРУГА основана согласно Законот за Задруги (Сл. Весник на Рм. Бр. 54/2002, 84/2005) и регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија. Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата а кои се наведени во статуот на задругата.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

КРИТЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Барателот потребно е да достави доказ за знаења за безбедност на храната, на лицата вработени во бизнисот со храна, односно:

I. Доказ за завршено средно или високо образование:

***Завршено високо образование***

- Факултет за медицина

- Факултет за ветеринарна медицина
- Технолошко-металуршки – технологија на храна
- Природно-математички факултет - биологија или хемија
- Земјоделски науки и храна

*<u>Завршено средно образование:</u>*

- Средно ветеринарно училиште
- Средно медицинско училиште
- Средно стручно образование-прехрамбен смер
- Средно угостителско училиште

II. Сертификат за завршена обука за хигиена на храна и заштита на животната средина за вработените лицата кои работат во производните објекти кои се предмет на инвестицијата – (ЈЗУ Институт за јавно здравје, Центрите за јавно здравје низ Република Македонија или други правни и физички лица за спроведување на обука овластени од страна на Агенција за храна и ветеринарство), доколку истите немаат завршено соодветно образование наведени во точка а).

<u>Напомена:</u>
*Доколку барателот не поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот не се врши соодветната дејност Барателот треба да достави доказ за соодветно образование или стручна оспособеност по реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.*

4. БАРАТЕЛОТ – ЗАНАЕТЧИЈА регистриран согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл. Весник на РМ 62/2004, 55/2007, 115/2010, 36/2011 и 164/2013) во Регистарот на Занаетчии за вршење на соодветната дејност (предмет на инвестицијата) кои задолжително се вршат во затворени простории.
Инвестицијата треба да се рализира во деловниот објект кој е регистриран во Регистарот на занаетчии за вршење на соодветната занаетчиска дејност .

Инвестициите поднесени од страна на занаетчија треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 87/04).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ).

# Тип на инвестиција 30212

## СОЗДАВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА НЕПРЕХРАМБЕНИ АКТИВНОСТИ

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции во производство на непрехранбени производи согласно производствените активности и производи кои се наведени во Прилог 2 – "Список на прифатливи активности за преработка на непрехрамбени производи".
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 7 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30212.

### СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ

**Инвестиции во производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни) или домашни миленици.**

- Барателот при поднесување на Барањето за користење на средсва од ИПАРД ПРОГРМАТА 2007 – 2013 за инвестиции во производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни) или домашни миленици треба да биде регистриран во Агенција за Храна и Ветерина доколку поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност, односно за инвестиции во воспоставување на нови производни капацитети Барателот треба да биде регистриран во Агенција за Храна и Ветерина на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.
- Во случај на инвестиции во капацитети за производство на медицирана храна за животни барателот потребно е да обезбеди дека е вработено најмалку едно стручно лице со завршен VII/1 степен стручна подготовка – Факултет за ветеринарна медицина.

**Инвестиции во производство на етерични масла / парфеми и тоалетни препарати / фармацевтски препарати.**

- Во случај на инвестициите во постоечки капацитети за производство на етерични масла / парфеми и тоалетни препарати / фармацевтски препарати барателот потребно е да достави доказ за имплементирање на стандардите пропишани со Добрата Производна Пракса (Сл. Весник Бр. 156/2007) и Добрата Лабораториска Пракса (Сл. Весник Бр. 94/2010)– Министерство за Здравство (Државен Санитарен и Здравствен Инспекторат на РМ).
- Инвестициите кои се однесуваат за производство на етерични масла / парфеми и тоалетни препарати / фармацевтски препарати треба да бидат во согласност со Добрата Производна Пракса (Сл. Весник Бр. 156/2007) и Добрата Лабораториска Пракса (Сл. Весник Бр. 94/2010).
- Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ за имплементирање на стандардите пропишани со Добрата Производна Пракса (Сл. Весник Бр. 156/2007) и Добрата Лабораториска Пракса (Сл. Весник Бр. 94/2010)– Министерство за Здравство (Државен Санитарен и Здравствен Инспекторат на РМ).

**Инвестиции во производство на производи за заштита на растенијата**

- Во случај на ннвестициите во постоечки капацитети за производство на производи за заштита на растенијата Барателот потребно е да биде регистриран во Регистарот на правни лица за производство, пласирање на големо и на мало во специјализирани продавници на производи за заштита на растенијата.
- Во случај на инвестиции во воспоставување на нови производни капацитети, инвестициите треба да бидат во согласност со Правилникот за поблиските услови за производство, складирање, пласирање на пазарот на производите за заштита на растенијата, формата и содржина и начин на водење на регистерот (Сл. Весник Бр. 28/2008) како и другите услови согласно Законот за производи за заштита на растенијата (Сл. Весник Бр. 110/2007, 20/2009, 17/2011, 53/2011, 69/2013 и 10/2015), односно Барателот треба да биде регистриран во Регистарот на правни лица за производство, пласирање на големо и на мало во специјализирани продавници на производи за заштита на растенијата на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

**Инвестиции во производство на производи за ѓубрива**

- Во случај на ннвестициите во постоечки капацитети за производство на ѓубриња, Барателот потребно е да биде регистриран во Регистарот за производство на ѓубриња,
- Во случај на инвестиции во воспоставување на нови производни капацитети, инвестициите треба да бидат во согласност со условите за производство согласно Законот за квалитет и безбедност на ѓубриња, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата (Сл. Весник Бр. 27/2014), односно Барателот треба да биде регистриран во Регистарот на производство / пласирање на ѓубриња на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност на храна – (Потврда за регистриран оператор со храна – Агенција за храна и ветеринарство, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши производство на храна за животни)
- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  Напомена:

  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност на храна како и стандардите за безбедност и здравје на работа.*
- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина, А/Б интегрирана еколошка дозвола или поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола – Единица на локална самоуправа или Министерство за животна средина).

  Напомена:

  *Доколку Барателот во моментот на поднесувањ на Барањето за финансиска поддршка за мерка 302, има поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола, во тој случај Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави А или Б интегрирана еколошка дозвола.*

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 550.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Земјоделско стопанство
2. Трговско друштво / трговец поединец
3. Задруга
4. Занаетчија

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од занаетчија во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО треба да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014).

   Земјоделско Стопанство може да биде регистрирано како физичко лице за вршење на дополнителна дејност - земјоделство, како индивидуален земјоделец согласно Закон за пензиското и инвалидското осигурување односно Законор за вршење на земјоделска дејност или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

   Семејните Земјоделските стопанства можат да вршат дополнителна дејност доколку се регистрирани за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство издадено од страна на МЗШВ.
   Решение за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се стекнува доколку се исполнети условите за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема и доколку дејноста е во согласност со одобрените видови на дејности кои можат да се вршат како дополнителна дејност

   - Правилникот за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на

дополнителната дејност на семејното земјоделско стопанство (Службен весник на РМ бр.96/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

- Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на Семејните земјоделски стопанства и нивниот обем (Службен весник на РМ бр.111/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

Доколку Семејното земјоделско стопанство започнува со вршење на дополнителна дејност, во тој случај Решението за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се доставува на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

КРИЕТРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице на земјоделското стопанство треба да достави соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да доставаат потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

2. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

   Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

Напомена:

*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА” издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА”.*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

3. БАРАТЕЛОТ – ЗАДРУГА основана согласно Законот за Задруги (Сл. Весник на Рм. Бр. 54/2002, 84/2005) и регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија. Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата а кои се наведени во статуот на задругата.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

4. БАРАТЕЛОТ – ЗАНАЕТЧИЈА регистриран согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл. Весник на РМ 62/2004, 55/2007, 115/2010, 36/2011 и 164/2013) во Регистарот на Занаетчии за вршење на соодветната дејност (предмет на инвестицијата) кои задолжително се вршат во затворени простории.
   Инвестицијата треба да се рализира во деловниот објект кој е регистриран во Регистарот на занаетчии за вршење на соодветната занаетчиска дејност .

   Инвестициите поднесени од страна на занаетчија треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 87/04).

   Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ).

## Тип на инвестиција 30213

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ОТКУПНИ ЦЕНТРИ ЗА ШУМСКИ ПРОИЗВОДИ

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектот треба да опфаќа инвестиции во центри за собирање на шумски производи и иститe се во согласност со дефиницијата на шумски производи прифатливи за собирање и посебните барања за собирање на шумски производи кои се дефинирани во Законот за шумите (Сл. Весник на РМ 64/2009, 24/2011, 53/2011, 25/2013, 79/2013, 147/2013, 43/2014 и 160/2014) и соодветните подзаконски акти.

Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 8 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30213.

Барателот задолжително треба да биде регистриран во Регистерот на правни лица – откупувачи, односно за организација и вршење откуп на шумски производи, односно потребно е да бидат исполнети општите услови за вршење откуп според други позитивни законски одредби.
Барателот треба да има регистрирано откупен пункт (пунктови) на територијата на Подружниците на ЈП Македонски шуми каде планира да врши откуп на ДПШ, и централен собирен магацин или преработувачки центар од каде се финализираат производите за пуштање во промет или извоз.

Собирните центри за култивирани печурки и овошје не се прифатливи за финансиска поддршка, бидејќи тие дејности се предмет на финансиска поддршка во мерка 103 од Ипард Програмата 2007-2013.

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност на храна – (Потврда за регистриран оператор со храна – Агенција за храна и ветеринарство, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)
- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  Напомена:
  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност на храна како и стандардите за безбедност и здравје на работа.*
- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина.

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 450.000 евра во денарска противвредност

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Трговско друштво / трговец поединец
2. Задруга

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од трговско друштво во задруга).

1. **БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ** основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>
*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

2. БАРАТЕЛОТ – ЗАДРУГА основана согласно Законот за Задруги (Сл. Весник на Рм. Бр. 54/2002, 84/2005) и регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија. Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата а кои се наведени во статуот на задругата.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

# Тип на инвестиција 30214
## ПРОМОВИРАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИ ЗАНАЕТИ

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции во производство на традиционални занаетчиски производи согласно производствените активности и производи кои се наведени во Прилог 3 – "Список на прифатливи традиционални занаетчиски дејности во рамки на мерката 302".
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 9 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30214.

### МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  **Напомена:**
  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа.*

- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина, А/Б интегрирана еколошка дозвола или

поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола – Единица на локална самоуправа или Министерство за животна средина).

Напомена:
*Доколку Барателот во моментот на поднесувањ на Барањето за финансиска поддршка за мерка 302, има поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола, во тој случај Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави А или Б интегрирана еколошка дозвола.*

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 450.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Земјоделско стопанство
2. Трговско друштво / трговец поединец
3. Занаетчија

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. занаетчија во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО треба да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014).

   Земјоделско Стопанство може да биде регистрирано како физичко лице за вршење на дополнителна дејност - земјоделство, како индивидуален земјоделец согласно Закон за пензиското и инвалидското осигурување односно Законор за вршење на земјоделска дејност или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

   Семејните Земјоделските стопанства можат да вршат дополнителна дејност доколку се регистрирани за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство издадено од страна на МЗШВ.

Решение за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се стекнува доколку се исполнети условите за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема и доколку дејноста е во согласност со одобрените видови на дејности кои можат да се вршат како дополнителна дејност

- Правилникот за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителната дејност на семејното земјоделско стопанство (Службен весник на РМ бр.96/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.
- Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на Семејните земјоделски стопанства и нивниот обем (Службен весник на РМ бр.111/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

Доколку Семејното земјоделско стопанство започнува со вршење на дополнителна дејност, во тој случај Решението за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се доставува на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

КРИЕТРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице на земјоделското стопанство треба да достави соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да доставаат потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

2. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата (во прилог на барањето за исплата) треба да достави доказ дека е запишан во евиденцијата на вршители на занаетчиска дејност.

Инвестициите треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 87/04).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ).

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>

*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот*

*промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

КРИТЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Барателот за вршење на занетчиска дејност потребно е да има вработено лице со соодветно стручно образование или соодветна стручна оспособеност за вршење на одредени занаетчиски дејности. Доколку барателот достави Решение за упис во евиденцијата на вршители на занаетчиска дејност, не е потребно да се доставува доказ за соодветно стручно образование.
Во случај на воспоставување на нови прозводни капацитети или доколку барателот во моментот на поднесување на барањето за финансиска поддршка не го исполнува критериумот за соодветно образование, барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да има вработено лице со соодветно стручно образование или соодветна стручна оспособеност за вршење на одредени занаетчиски дејности, односно да биде запишан во евиденцијата на вршители на занаетчиска дејност.

3. БАРАТЕЛОТ – ЗАНАЕТЧИЈА регистриран согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл. Весник на РМ 62/2004, 55/2007, 115/2010, 36/2011 и 164/2013) во Регистарот на Занаетчии за вршење на соодветната дејност (предмет на инвестицијата) кои задолжително се вршат во затворени простории.
Инвестицијата треба да се рализира во деловниот објект кој е регистриран во Регистарот на занаетчии за вршење на соодветната занаетчиска дејност .

Инвестициите поднесени од страна на занаетчија треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 87/04).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ).

## Тип на инвестиција 30215

## ПОДДРШКА ЗА УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ ВО РУРАЛНИ СРЕДИНИ (НЕЗЕМЈОДЕЛСКИ УСЛУГИ)

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции согласно листата на услужни дејности кои се наведени во Прилог 4 – "Список на услужни дејности во рурални средини прифатливи во рамки на мерката 302".
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 10 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30215.

### СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ

**Инвестиции во воспоставување на установа за социјална заштита - дневен центар за стари и возрасни лица**

Во случај на инвестициите поднесени од страна на Барателот за вршење на Дејности на социјална заштита со сместување и нега треба да бидат во согласност со Правилникот за нормативите и стандардите за простор, опрема , стручни кадри и средства потребни за основање и започнување со работа на установа за социјална заштита - дневен центар за стари и возрасни лица (Сл. Весник на РМ 113/14) - Министерство за Труд и Социјална Политика, односно Бараелот треба да има Одобрение за основање на установа за социјална заштита издадено од страна на Министерство за Труд и Социјална Политика согласно Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија" број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави Решение за започнување со работа издадено од страна на

Министерството за труд и социјална политика на РМ согласно Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14).

**Инвестиции во воспоставување на установа за социјална заштита на деца**

Во случај на инвестициите поднесени од страна на Барателот за вршење на Дејности на дневна социјална заштита на деца треба да бидат во согласност со Правилник за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (Сл. Весник на РМ 28/14) - Министерство за Труд и Социјална Политика, односно Бараелот треба да има Одобрение за основање на установа за социјална заштита издадено од страна на Министерство за Труд и Социјална Политика согласно Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14).
Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави Решение за започнување со работа издадено од страна на Министерството за труд и социјална политика на РМ согласно Законот за социјална заштита („Службен весник на Република Македонија“ број 79/2009, 36/11, 51/11, 166/12, 15/13, 79/13, 164/13, 187/13, 38/14, 44/14, 116/14 и 180/14).

ОДОБРЕНИЕТО ЗА ОСНОВАЧ НА УСТАНОВА И РЕШЕНИЕТО ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА СО УСТАНОВА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ТРЕБА ДА БИДЕ ИЗДАДЕНО НА ИМЕ НА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА МЕРКА 302.

**Инвестиции во воспоставување на објекти за вршење на дејност трговија**

Во случај на инвестициите во постоечки продажни објекти во кои се врши трговија, Барателот потребно е да има ги има достигнато минимално-техничките услови за вршење на трговија, односно да има поднесено пријава за исполнување на минимално-техничките услови за вршење на трговија и започнување на работа на продажен објект или да има записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на трговија и започнување на работа на продажен објект.

Во случај на инвестиции во воспоставување на нови продажни објекти во кои се врши трговија, инвестициите треба да бидат во согласност со Правилник за минимално техничките услови за деловните простории и простори во кои се врши трговија (Сл. Весник Бр. 21/04, 54/04, 79/07, 93/08).

**Инвестиции во услужни дејности кои можат да се вршат како занаетчиски дејности**

Инвестициите поднесени од страна за следните дејности кои можат да се вршат како занаетчиска дејност: 45.20, 45.40, 56.21, 93.13, 95.11, 95.12, 95.21, 95.22, 95.23, 95.25, 95.29, 96.01, 96.02 и 96.04. треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 87/04).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на занаетчиска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ) за следните дејности кои можат да се вршат како занаетчиска дејност: 45.20, 45.40, 56.21, 93.13, 95.11, 95.12, 95.21, 95.22, 95.23, 95.25, 95.29, 96.01, 96.02 и 96.04..

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  Напомена:
  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа.*

- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина.

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 450.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Трговско друштво / трговец поединец
2. Занаетчија

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од занаетчија во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

Напомена:

*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

2. БАРАТЕЛОТ – ЗАНАЕТЧИЈА регистриран согласно Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл. Весник на РМ 62/2004, 55/2007, 115/2010, 36/2011 и 164/2013) во Регистарот на Занаетчии за вршење на соодветната дејност (предмет на инвестицијата) кои задолжително се вршат во затворени простории.
   Инвестицијата треба да се рализира во деловниот објект кој е регистриран во Регистарот на занаетчии за вршење на соодветната занаетчиска дејност .

# Тип на инвестиција 30221

## ВОВЕДУВАЊЕ НА АЛТЕРНАТИВНИ СИСТЕМИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции во алтернативните земјоделски активности кои се наведени во Прилог 5 – "Листа на прифатливи алтернативни земјоделски производствени системи".
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 11 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30221.

### СПЕЦИФИЧНИ КРИТЕРИУМИ

**Инвестиции во воспоставување на капацитети за аквакултура**

Во случај на инвестициите за аквакултура барателот во моментот на поднесување на барањето за финансиска поддршка потребно е да има обезбедено Дозвола за користење на вода издадена од страната на Министерство за животна средина согласно Законот за водите (("Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 6/09,161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13 и 180/14).
Барателот за постоечки капацитети за акавакултура кои се предмет на инвестиција треба да обезбедат дозвола за аквакултура односно во случај за воспоставување на нови капацитети за аквакултура потребно е да се обезбеди дозвола за аквакултура на крајот на реализација на инвестицијата согласно Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" број 7/08, 47/11, 67/10, 53/11, 95/12, 164/13 и 116/14).

Согласност дадена од страна на сопствениците на парцелите за поставување на доводен цевковод (од тиролскиот зафат до рибниците ), доколку парцелите низ кои поминува или е планирано да се постави доводниот цевковод не се во сопственост на барателот или нема право на користење на истите.

**Инвестиции за поставување на систем за наводнување**

Во случај на инвестициите за поставување на систем за навдонување потребно е да се прибави согласност дадена од страна на сопствениците на парцелите за поставување на доводен цевковод до соодветните парцели на кои е планирано да се постави системот за наводнување, доколку парцелите низ кои поминува или е планирано да се постави доводниот цевковод не се во сопственост на барателот или нема право на користење на истите.

**Инвестиции за воспоставување на објекти за обирање и компостирање на органски одпад (не-животинско потекло)**

Во случај на инвестициите во собирање и/или преработка на безопасен отпад, Барателот потребно е да има ги има исполнето минималните технички услови за собирање / преработка на отпад односно потребно е да има Одобрение за вршење на соодветната дејност – Министерство за животна средина на РМ согласно Законот за управување со отпад („Службен весник на Република Македонија" број 68/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12 и 163/13), односно во случај на воспоставување на нови капацитети потребно е да ги исполни горенаведените критериуми на крајот на реализација на инвестицијата.

**Инвестиции за воспоставување на капацитети за производство на семе или саден материјал**

Во случај на инвестициите во производство на семе или саден материјал Барателот потребно е да бидат регистрирани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал / саден материјал – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство (Управа за семе и саден материјал) согласно Законот за семенски и саден материјал („Службен весник на Република Македонија" број 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14).

*Напомена:*

*Потребните услови за запишување во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал / саден материјал се пропишани со Правилник за условите што треба да ги исполнува снабдувачот за да се запише во регистарот на семенски материјал и регистарот на саден материјал, содржината и начинот на водење на регистрите и содржината на барањето за запишување (СЛ. Весник на РМ. 08/2007).*

*Семенски и саден материјал на одделни видови на земјоделски растенија може да се стави во трговија само доколку ги исполнува условите за производство, квалитет и други услови утврдени со Законот за семенски и саден материјал („Службен весник на Република Македонија“ број 39/06, 89/08, 171/10, 53/11, 69/13, 187/13 и 43/14), Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија“ број 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14 и 158/14) и Законот за Државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/09, 53/11 и 164/13 и 43/14).*

**Инвестиции за воспоставување на капацитети за производство на расадници за шумски дрва**

Во случај на инвестициите во производство на расадници за шумски дрва Барателот потребно е да бидат регистрирани во Регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја во согласност со Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја (Сл. Весник на РМ 55/2007, 148/2011) – Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство.

***Напомена:***
*Потребните услови за запишување во Регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја во член 15 од Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја (Сл. Весник на РМ 55/2007, 148/2011).*
*Репродуктивниот материјал од шумски видови дрвја во производството, употребата и во прометот мора да ги исполнува важечките стандарди за квалитет во согласност со Законот за репродуктивен материјал од шумски видови дрвја (Сл. Весник на РМ 55/2007, 148/2011).*

**Инвестиции за воспоставување на одгледувалиште за зајаци, пожави, диви животни на фарма, патки, гуски, мисирки, тетреби, бисерки, ноеви и емуа**

Во случја на инвестициите во одгледување на зајаци, пожави, диви животни на фарма, патки, гуски, мисирки, тетреби, бисерки, ноеви и емуа, Барателите треба да имаат регистрирано одгледувалиште во Агенцијата за храна и ветерина на РМ кој е предмет на инвестицијата.
Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој податоците за регистрирано одгледувалипте ги прибавува по службена должност од Агенцијата за храна и ветерина на РМ.
Во случја на инвестициите во одгледување диви животни на фарма, како прифатливи видови на животни и птици се оние кои се наведени во член 5 од Законот за ловство (“Службен весник на Република Македонија” број 26/09, 82/09, 136/11, 1/12, 69/13, 164/13 и 187/13). Листата на прифатливи

видови на животни и птици истотака може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  Напомена:
  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа.*

- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина, А/Б интегрирана еколошка дозвола или поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола – Единица на локална самоуправа или Министерство за животна средина).

  Напомена:
  *Доколку Барателот во моментот на поднесувањ на Барањето за финансиска поддршка за мерка 302, има поднесено барање за издавање на А/Б интегрирана еколошка дозвола, во тој случај Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави А или Б интегрирана еколошка дозвола.*

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 750.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Земјоделско стопанство
2. Трговско друштво / трговец поединец
3. Задруга

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од земјоделско стопанство во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО треба да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014).

   Земјоделско Стопанство може да биде регистрирано како физичко лице за вршење на дополнителна дејност - земјоделство, како индивидуален земјоделец согласно Закон за пензиското и инвалидското осигурување односно Законор за вршење на земјоделска дејност или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

   Семејните Земјоделските стопанства можат да вршат дополнителна дејност доколку се регистрирани за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство издадено од страна на МЗШВ.
   Решение за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се стекнува доколку се исполнети условите за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема и доколку дејноста е во согласност со одобрените видови на дејности кои можат да се вршат како дополнителна дејност

   - Правилникот за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителната дејност на семејното земјоделско стопанство (Службен весник на РМ бр.96/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.
   - Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на Семејните земјоделски стопанства и нивниот обем (Службен весник на РМ бр.111/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

   Доколку Семејното земјоделско стопанство започнува со вршење на дополнителна дејност, во тој случај Решението за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се доставува на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

КРИЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице на земјоделското стопанство треба да достави соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да достават потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот  на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

2. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

   Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>
*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

КРИТЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице треба да обезбеди соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да достават потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

3. БАРАТЕЛОТ – ЗАДРУГА основана согласно Законот за Задруги (Сл. Весник на Рм. Бр. 54/2002, 84/2005) и регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија. Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата а кои се наведени во статуот на задругата.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

КРИТЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице треба да обезбеди соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.
Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да достават потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

## Тип на инвестиција 30231
## ИНВЕСТИЦИИ ЗА ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА „МАШИНСКИ ПРСТЕНИ“

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос “Листата на рурални средини” (Сл. Весник Бр. 89/2011) и “Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини” (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Инвестицијата односно конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 12 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30231.
Во однос на економско-финансиска способност ќе се оценува само способноста да се надоместат оперативните трошоци на барателот за најмалку пет години по реализација на проектот.

### МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)
  **Напомена:**
  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа.*
- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина.

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 750.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Стопанска интересна заедница
2. Задруга

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од задруга во стопанска интересна заедница).

1. БАРАТЕЛО – СТОПАНСКА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА основана согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014), односно треба да биде основана на доброволна основа со цел заштита на земјоделските стопанства од не економични инвестиции во вишок на земјоделски машини и опрема и за рационално користење на постоечките земјоделски машини преку давање на услуга на сопственикот на машината и на земјоделските стопанства кои немаат специфични орудија за земјоделско производство.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

2. БАРАТЕЛОТ – ЗАДРУГА основана согласно Законот за Задруги (Сл. Весник на Рм. Бр. 54/2002, 84/2005) и регистрирана во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејност земјоделско производство, услужни дејности во земјоделството или со производство на инпути за земјоделско производство. Предложената инвестиција треба да биде во согласност со целите на задругата а кои се наведени во статуот на задругата.

   Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

# Тип на инвестиција 30232

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРИВАТНИТЕ ВЕТЕРИНАРНИ УСЛУГИ

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

Проектите треба да опфаќаат инвестиции во воспоставување и унапредување на ветеринарни услуги а кои се однесуваат само за грижа за здравјето на животните и контролни дејности (вклучувајќи клиничко – патолошки и останати дијагностички дејности во врска со животните и амбулантните дејности за животните) за животни на фарма вршени од квалификувани ветеринари.
Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 13 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30232.
Во однос на економско-финансиска способност ќе се оценува само способноста да се надоместат оперативните трошоци на барателот за најмалку пет години по реализација на проектот.

За инвестициите во вршење на ветеринарна дејност, Барателот треба да има Одобрение за вршење на дејност издадено од страна на Агенција за храна и ветерина на РМ согласно Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" број 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12.)
Во случај на инвестиции во воспоставување на нови капацитети за вршење на ветеринарна дејност Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да има Одобрение за вршење на дејност издадено од страна на Агенција за храна и ветерина на РМ согласно Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" број 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12.).

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  Напомена:

  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа.*
- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина.

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 изнесува 450.000 евра во денарска противвредност.

## ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>
*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

# Тип на инвестиција

## 30241

## ИЗГРАДБА/РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ЗА РУРАЛЕН ТУРИЗАМ

## 30242

## ИЗГРАДБА/РЕКОНСТРУКЦИЈА И МОДЕРНИЗИРАЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ ЗА СМЕСТУВАЊЕ НА ОТВОРЕНО

### ЛОКАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИЈА

Проектот е прифатлив за финансирање доколку локацијата на која е планирано да се реализира инвестицијата се наоѓа во рурална средина согласнос "Листата на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011) и "Правилникот за поблиските критериуми за определување на рурални средини" (Сл. Весник Бр. 89/2011), кои можат да се превземат од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

### ПРИФАТЛИВИ АКТИВНОСТИ И ТРОШОЦИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ

### Изградба/реконструкција и модернизирање на објекти за рурален туризам

- Поддршка на инвестиции за изградба и/или реконструкција на објекти во руралните средини и/или стари традиционални земјоделски објекти (воденици, плевни, итн.) за нудење на услуги за сместување, рурален музеј, минимални санитарно-хигиенски услови, угостителство, дегустација, продажни места, како и инвестиции во придружни рекреативни капацитети;
- Набавка на опрема за достигнување на минималното-техничките услови за работа, комуналии, вклучувајќи обезбедување на инфраструктура и опрема за одржлив употреба на енергија од обновливи извори;
- Набавка и инсталација на опрема за исполнување на еколошките, санитарни и хигиенски стандарди;
- Инвестиции во опрема за рурален сместување, угостителска дејност, дегустации, места за продажба, рурален музеј, како и инвестициите во опрема за дополнителни рекреативни објекти.

### Изградба/реконструкција и модернизирање на капацитети за сместување на отворено

- Инвестиции во изградба / реконструкција на места за сместување на отворено (т.е. област за кампување, камп приколки, бунгалови и др), угостителски објекти во руралните средини, обезбедување на санитарни / хигиенските барања, дополнителни рекреативни објекти;
- Набавка на опрема за технички услуги, вклучувајќи обезбедување на инфраструктура за поврзување и опрема за одржлив употреба на енергијата од обновливи извори;
- Набавка и инсталација на опрема и исполнување на еколошките, санитарни и хигиенски стандарди;
- Инвестиции во опрема за сместување на отворено, угостителски услуги и рекреативни објекти

Исто така конкретната набавка е прифатлива за кофинансирање доколку истата е наведена во Прилог 14 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30241 односно Прилог 15 - Листа на специфични прифатливи трошоци за подмерка 30242 односно.

Проектите поврзани со рурален туризам треба да се однесуваат на воспоставување или модерницација на следните угостилски услуги:

- Сместувачки капацитети (соби, апартмани, пансиони, колиби со самопослужување)
- Угостителски услуги (готвење и послужување на храна)
- Сместување на отворено (кампинг простори, бунгалови, автокампови)
- Комбинирани услуги – сместувачки и угостителски услуги
- Воспоставување на соби за дегустација / продажни места за директна продажба на производите
- Рурални музеи (за претставување на историски, природни, традиционални, образовни, земјоделски и др. Обичаи на руралната средина)
- Рекреативни активности

Инвестициите за воспоставување на рекреативни капацитети треба да бидат како дополнителни капацитети на угостителските услуги за сместување или за исхрана, односно прифатливи рекративни активности се:

- Спортски капацитети
- Велосипедизам / пешачење / опрема за планинарење
- Објекти за чување на коњи, простор за јавање и опрема
- Рибници и опрема за риболов
- Објекти за релаксација (затворени и отворени) и опрема
- Игралишта и опрема
- Зоолошка градина и опрема

- Инвестициите за воспоставување на простории за обуки и семинари треба да се однесуваат за максимум 70 лица и истите треба да претставуваат дополнителна услуга на угостителските капацитети за сместување или за исхрана.

Проекти поврзани со руралниот туризам мора да придонесе за создавање на работни места во руралните области, односно потребно е да се докаже дека е вработено најмалку едно лице во рок од три години по реализација на инвестицијата;

Проектите во инвестиции во изградба / реконструкција на објекти мора да се во склад со традиционалната архитектура на рурална област докажано преку Технички цртежи дизајнирани од страна на овластен архитект и поддржани со фотографски докази за постоечкиот традиционален градежен стил како додаток на апликацијата.

- Технички цртежи мора да биде надополнета со писмен елаборат за градежниот стил и материјалите што се користат на традиционалните објекти во руралната област и / или стилот на градба на најблиската руралните населби за поддршка на изборот на архитектонскиот дизајн на предложената изградба / реконструкција;
- Во случај кога зградата е наведена како заштитеното културно наследство или е во заштитени зони на културното наследство, барањето треба да е во согласност со одредбите утврдени во националното законодавство за заштита на културното наследство.

Инвестициите поднесени од страна на Барателот треба да бидат во согласност со минималните – технички услови за вршење на угостителска дејност кои се пропишани со Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на угостителска дејност сл.весник на (Сл. Весник на РМ 16/2006).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави доказ односно записник за исполнување на минималните – технички услови за вршење на угостителска дејност – Министерство за Економија (Државен Пазарен Инспекторат на РМ).

Барателот на крајот на реализација на инвестицијата потребно е да се достави Решение за категоризација во согласност со Правилник за услови за категоризација на објектите за вршење на угостителска дејност (С. Весник на РМ 16/2006) – Министерство за Економија (Комисија за категоризација)

## МИНИМАЛНИ НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ

Барателот при поднесување на Барањето за користење на средства за мерка 302 потребно е да достави доказ дека се исполнети следните стандарди за:

- Безбедност на храна – (Потврда за регистриран оператор со храна – Агенција за храна и ветеринарство, доколку барателот поседува функционален објект за исхрана кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)
- Безбедност и здравје при работа (Записник за исполнување на стандардите за безбедност и здравје при работа – Државен инспекторат за труд, доколку барателот поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот се врши соодветната дејност)

  **Напомена:**

  *Во случај на нови инвестиции Барателот на крајот на реализација на инвестиција односно во прилог на барњето за исплата задолжително треба да достави соодветен доказ дека се исполнети стандардите за безбедност и здравје на работа и/или стандардите за безбедност за храна).*
- Заштита на животната средина – (Решение за одобрен елаборат за заштита на животна средина.

## ПРИФАТЛИВА ВРЕДНОСТ ЗА КО-ФИНАНСИРАЊЕ

Минималната прифатлива вредност на инвестиција по поднесено Барање за финансика поддршка изнесува 3.000 евра во денарска противвредност.

**Изградба / Реконструкција и модернизирање на објекти за рурален туризам.**Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 за подмерка 30241 изнесува 550.000 евра во денарска противвредност.

### Изградба / реконструкција и модернизирање на капацитети за сместување на отворено

Максималниот износ на прифатливи трошоци по корисник за целокупниот временски период за имплементација на ИПАРД ПРОГРАМАТА 2007-2013 за подмерка 30242 изнесува 450.000 евра во денарска противвредност.

ПРИФАТЛИВИ БАРАТЕЛИ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

1. Земјоделско стопанство
2. Трговско друштво / трговец поединец
3. Физичко лице

Корисникот за цело времетраење на договорот склучен со АФПЗРР не смее да го смени сопствениот статусот, односно не смее да преминува од еден во друг организационен облик (пр. од физичко во трговско друштво).

1. БАРАТЕЛОТ – ЗЕМЈОДЕЛСКО СТОПАНСТВО треба да биде регистриран во Единствениот регистар на земјоделски стопанства во согласност со Законот за земјоделство и рурален развој (Сл. Весник на РМ бр. 49/2010, 53/2011, 126/2012, 15/2013, 69/2013, 106/2013, 177/2014).

Земјоделско Стопанство може да биде регистрирано како физичко лице за вршење на дополнителна дејност - земјоделство, како индивидуален земјоделец согласно Закон за пензиското и инвалидското осигурување односно Законор за вршење на земјоделска дејност или како земјоделско стопанство претставувано од правно лице.

Семејните Земјоделските стопанства можат да вршат дополнителна дејност доколку се регистрирани за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство издадено од страна на МЗШВ.
Решение за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се стекнува доколку се исполнети условите за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема и доколку дејноста е во согласност со одобрените видови на дејности кои можат да се вршат како дополнителна дејност

- Правилникот за стручната оспособеност на вршителите на дополнителна дејност и соодветната техничка опрема за вршење на дополнителната дејност на семејното земјоделско стопанство (Службен весник на РМ бр.96/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

- Уредба за видовите на дејности кои можат да се вршат како дополнителни дејности на Семејните земјоделски стопанства и нивниот обем (Службен весник на РМ бр.111/2010) може да се превземе од интернет-страната на Агенцијата www.pa.gov.mk.

Доколку Семејното земјоделско стопанство започнува со вршење на дополнителна дејност, во тој случај Решението за вршење на дополнителна дејност на семејното земјоделско стопанство се доставува на крајот на реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА КАПАЦИТЕТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И КАПАЦИТЕТИ ЗА ИСХРАНА

- Капацитетот за внатрешна сместување на земјоделското стопанство не смее да биде повеќе од 10 соби (вклучувајќи апартмани) и за сместување на максимум 30 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот за сместување на отворено на земјоделското стопанство не смее да биде повеќе од 10 сместувачки единици и за сместување на максимум 30 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот за угостителска дејност мора да бидат организирани за послужување исклучиво на доручек во согласност со капацитетите за сместување.

<u>Напомена:</u>
*Во случај на нови инвестиции или инвестиции во реконструкција на постоечки објекти, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно проектираниот капацитет наведен во скиците (фаза архитектура) од одобрената проектна документација. во случај на инвестиции со кои не се врши реконструкција на постоечки објекти односно се врши само набавка на опрема, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно податоците од поднесеното барање за исполнување на минималните технички стандарди односно условите за категоризација како и врз основа на записници за утврдување на фактичката состојба за исполнување на соодветните стандарди и услови.*

## КРИЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Носителот / одговорното лице на земјоделското стопанство треба да достави соодветен доказ за завршено минимум средно образование или високо образование -диплома или друг доказ односно сертификат за посетена обука релевантна за инвестицијата издаден од страна на надлежните стручни

институции за обука, образовни и истражувачки институции и јавни советодавни услуги.

Барателите кои не ги исполнуваат горенаведените критериуми за образование односно стручна оспособеност, потребно е да доставаат потпишана изјава дека барателот се согласува да учествува на професионална обука релевантна за инвестицијата, односно на крајот на реализација на инвестицијата ќе биде обезбеден соодветен доказ за стручна оспособеност.

2. **БАРАТЕЛОТ – ТРГОВСКО ДРУШТВО / ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ** основано согласно Законот за трговски друштва (Сл. Весник на Рм. Бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014 и 138/2014) и регистриран во Централниот регистар на РМ.

Барателот задолжително треба во вкупниот капитал да нема повеќе од 25% удел од страна на државата.

Барателот задолжително треба да биде рангиран во категорија на микро или мало претпријатие.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА ПРЕТПРИЈАТИЕ

Трговските друштва или Трговците поединци се прифатливи како баратели доколку истите се рангирани во категорија на микро или мало претпријатие согласно доленаведените критериуми.

| Категорија | Број на вработени | Годишен приход (обрт) | или | Биланс на состојба |
|---|---|---|---|---|
| Мало | <50 | ≤ € 10 милиони | | ≤ € 10 милиони |
| Микро | < 10 | ≤ € 2 милиони | | ≤ € 2 милиони |

<u>Напомена:</u>
*Потребните податоци врз основа на кои може да се утврди големината на правниот субјект се добиваат од документот „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА ПРЕТХОДНАТА ГОДИНА" издаден од Централен Регистар на Република Македонија.*

*За јавниот повик 01/2015 за утврдување на големината на барателите ќе се користат податоци „ПРЕГЛЕД НА ПОДАТОЦИ ОД ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2014 ГОДИНА".*

*Ново формираните претпријатија кои немаат завршна сметка, ке се рангираат врз база на истите критериуми но во согласност со проекцијата на годишниот промет, билансот на состојба и проектираниот број на идни вработувања наведено во Деловниот план или Техничкиот предлог проект.*

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА КАПАЦИТЕТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И КАПАЦИТЕТИ ЗА ИСХРАНА

- Капацитетот за внатрешна сместувањето не смее да биде повеќе од 30 соби за сместување на максимум 50 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот за сместување на отворено не смее да биде повеќе од 30 сместувачки единици и за сместување на максимум 90 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот на угостителскиот објект / објектот за дегустација може да бидат организирани за послужување на храна на максимум 70 гости.

Напомена:

*Во случај на нови инвестиции или инвестиции во реконструкција на постоечки објекти, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно проектираниот капацитет наведен во скиците (фаза архитектура) од одобрената проектна документација. во случај на инвестиции со кои не се врши реконструкција на постоечки објекти односно се врши само набавка на опрема, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно податоците од поднесеното барање за исполнување на минималните технички стандарди односно условите за категоризација како и врз основа на записници за утврдување на фактичката состојба за исполнување на соодветните стандарди и услови.*

## КРИЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

Барателот - за секој угостителски објект мора да определи одговорно лице (директор, управник, шеф и слично) на угостителскиот објект. Одговорното лице, покрај исполнувањето на општите услови за засновање на работниот однос, утврдени со закон, мора да има и најмалку средна стручна подготовка.

За вршење на угостителска дејност во објектите за исхрана барателот мора да има вработено лице со најмалку средна стручна подготовка од областа на угостителството.

Напомена:

*Доколку барателот не поседува функционален објект кој е предмет на инвестиција и во истиот не се врши соодветната дејност Барателот треба да*

*достави доказ за соодветно образование или стручна оспособеност по реализација на инвестицијата односно при поднесување на Барањето за исплата.*

3. БАРАТЕЛОТ – ФИЗИЧКО ЛИЦЕ. треба да биде запишан во Регистарот на вршители на угостителска дејност кој го води градоначалникот на соодветна општина, односно во случај на инвестиции во воспоставување на нови угостителски капацитети барателот треба на крајот на реализација на инвестицијата да биде запишан во Регистарот на вршители на угостителска дејност.

КРИТЕРИУМИ ЗА ГОЛЕМИНА НА КАПАЦИТЕТ ЗА СМЕСТУВАЊЕ И КАПАЦИТЕТИ ЗА ИСХРАНА

- Капацитетот за внатрешна сместување на земјоделското стопанство не смее да биде повеќе од 10 соби (вклучувајќи апартмани) и за сместување на максимум 30 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот за сместување на отворено на земјоделското стопанство не смее да биде повеќе од 10 сместувачки единици и за сместување на максимум 30 лица (невклучувајќи ги дополнителните кревети за деца), и/или
- Капацитетот за угостителска дејност мора да бидат организирани за послужување исклучиво на доручек во согласност со капацитетите за сместување.

<u>Напомена:</u>
*Во случај на нови инвестиции или инвестиции во реконструкција на постоечки објекти, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно проектираниот капацитет наведен во скиците (фаза архитектура) од одобрената проектна документација. во случај на инвестиции со кои не се врши реконструкција на постоечки објекти односно се врши само набавка на опрема, капацитетот на угостителските објекти за сместување и на угостителските објкети за исхрана се утврдува согласно податоците од поднесеното барање за исполнување на минималните технички стандарди односно условите за категоризација како и врз основа на записници за утврдување на фактичката состојба за исполнување на соодветните стандарди и услови.*

КРИЕРИУМИ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ

За вршење на угостителска дејност во објектите за исхрана барателот мора да има најмалку средна стручна подготовка од областа на угостителството
Барателот - Угостител како одговорно лице (директор, управник, шеф и слично) за дадениот угостителски објект мора да има завршено најмалку средна стручна подготовка.

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА КОРИСНИЦИ

- Одговорното лице/Управителот на правното лице, кој го застапува правното лице во постапката пред Агенцијата, треба да е во редовен работен однос во правно лице кое се јавува како барател на финансиската поддршка или да е ангажиран со договор не пократок од времетраењето на Договорот за финансиска поддршка.
- Барателот мора да демонстрира континуитет на работењето во текот на најмалку пет години по реализација на инвестицијата.
    - За проекти кои имаат вкупни прифатливи трошоци **под € 50.000** можностите за вработување и финансиската одржливост мора да се демонстрира преку **Технички Предлог Проектот**. Истиот представува поедноставена верзија на деловен план преку кој што барателот ке ги представи расходите и приходите од инвестицијата и ке ја покаже економската одржливост на инвестицијата. Упатството за изработка на Техничкиот Предлог Проект може да се превземе од интернет страната на Агенцијата. www.pa.gov.mk

      За проекти кои имаат вкупни прифатливи трошоци **над 50.000 €** економско-финансиската одржливост и можност за вработување во руралните средини треба да се демонстрира преку **Деловен План**;

**Напомена: Барателот мора да демонстрира во Деловниот план/Техничкиот Предлог Проект создавање на услови / можности за вработувања како резултата на дејноста која се врши и е предмет на инвестиции.**

**А) Понуди за набавка на производ/и со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност.**

- За производ/и со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност потребно е да се достави една понуда која треба да содржи: име на добавувачот, број на понуда, адреса и телефон на добавувачот, даночен број и жиро - сметка, оригинал печат и потпис, име на субјектот за кого е наменета понудата, детална техничка спецификација, количина, единица мерка, единечни цени изразени во денари со и без ДДВ по ставки поединечно, процент и износ на ДДВ за сите ставки поединечно, вкупна цена со и без ДДВ за секоја ставка поединечно, вкупен износ на ДДВ (за целата понуда), вкупна вредност со и без ДДВ (за целата понуда), однсоно во ЕВРА за понуди издадеени од странски добавувачи ,не постара од од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик.

**Б) Понуди за набавка на производ/и со вредност поголема од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност.**

- За производ/и со вредност помала од 10.000 ЕВРА во денарска противвредност потребно е да се достават три понуди кои треба да содржи: име на добавувачот, број на понуда, адреса и телефон на добавувачот, даночен број и жиро - сметка, оригинал печат и потпис, име на субјектот за кого е наменета понудата, детална техничка спецификација, количина, единица мерка, единечни цени изразени во денари со и без ДДВ по ставки поединечно, процент и износ на ДДВ за сите ставки поединечно, вкупна цена со и без ДДВ за секоја ставка поединечно, вкупен износ на ДДВ (за целата понуда), вкупна вредност со и без ДДВ (за целата понуда), однсоно во ЕВРА за понуди издадеени од странски добавувачи, не постара од од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик.
- Изјава за избор на понуда/понудувач, односно објаснување дадено од страна на барателот за причините за избор на конкретната понуда. Изборот на понудата треба да биде извршен, откако ќе бидат прибавени сите три понуди, односно изјавата за избор на понуда не треба да биде со дата постара од датите на понудите за конкретната набавка за кој е издадена изјавата. Изјавата за изборот на понуда/понудувач се доставува за сите понуди кои изнесуваат повеќе од 10.000 евра во денарска противвредност
- АФПЗРР врши дополнителна проверка на валидноста, начинот на изготвување на понудите (идентичен текст, форма, распоред, фонт, печатни грешки итн.), постоење на рамномерно зголемување односно манипулирање на цените во понудите како и вештачко делење на понудите со цел избегнување на правилото на „три понуди“
-

## <u>НАПОМЕНА ЗА ПОНУДИ ЗА НАБАВКА НА ОПРЕМА / ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ</u>

### 1. <u>ИЗВЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ</u>

За инвестициите кои вклучуваат градежни работи и за кои е потребно да се изготви техничка документација Понудите потребно е да бидат изготвени во согласност со предмер пресметката од одобрена техничка документација и тоа:

- Основен проект за изградба /реконструкција /адаптација /пренамена / доградба /надградба / промени во тек на градење (понудите треба да бидат изработени во согласност исклучиво со предмер пресметката од одобрениот Основен проект за изградба /реконструкција /адаптација /пренамена / доградба /надградба / промени во тек на градење), ИЛИ
- Времена состојба/ситуација (понудите треба да бидат изработени во согласност со одобрена предмер пресметка, но со исклучок на

градежните ставките/ позициите или намалени количини за оние ставки.позиции кои се веќе изградени односно реализирани, доколку барателот има изградено дел од градбата и за истата нема одобрение за промени во тек на градење.

## 2. НАБАВКА НА ОПРЕМА / МЕХАНИЗАЦИЈА

### ГЕНЕРАЛНА НАПОМЕНА

За инвестициите кои вклучуваат набавка на опрема, во тој случај понудите треба да бидат споредливи помеѓу себе и тоа да може да се споредат по техничката спецификација или по краен производ односно по краен резултат.
Понудите треба да се прибавени од лица со кои барателот не е поврзан во сопственички и/или од добавувачи кои не се меѓусебно сопственички и/или роднински поврзани, ниту пак во кои се јавуваат исти лица во делот на управувачката структура.
Доколку при прибавување на понудите Имате доказ односно пишана или електронска комуникација со добавувачите, во тој случај целокупната документација (доказите) се доставуваат во прилог на понудите.
Упатството за прибирање на понуди за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 Можете да го најдете на интернет страната на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој www.ipardpa.gov.mk

### НАБАВКА НА ЗЕМЈОДЕЛСКА МЕХАНИЗАЦИЈА (ТРАКТОР)

Понудите кои вклучуваат набавка на земјоделска механизација – (Трактор) треба да бидат споредливи согласно следните три параметри:

- *Кабина*
- *Погон на тркала*
- *Моќност на моторот (КС) со прифатлив праг на отстапување од максимум 5 кс во оснос на избраната понуда*

### НАБАВКА НА СИСТЕМ ЗА НАВОДНУВАЊЕ

Понудите кои вклучуваат набавка на систем за наводнување треба да бидат споредливи по површина (м2) за која се однесува систем за наводнување и истата треба да биде наведена во понудите. Исто така Понудите треба да биде изготвени согласно скицата од дистрибуционата мрежа која се доставува во прилог на понудите за секој понудувач.

НАБАВКА НА СЕМЕ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ

Во Понудите кои вклучуваат набавка на семе и саден материјал треба да биде наведена сортата на семе и саден материјал, односно за набавка на садници за брзо растечки дрва треба да биде наведено и годишниот прираст на дрвна маса изразена во (м3) по 1 хектар површина.

Напомена:
*Годишен прираст на саден материјал за брзо растечки видови на дрва чиј не треба да изнесува помалку од 15 m3 по хектар*

НАБАВКА НА ПЛАСТИЧНА ФОЛИЈА / ПАНЕЛИ ЗА ПЛАСТЕНИЦИ

Во Понудите кои вклучуваат набавка на пластична фолија / панели треба да биде наведена и трајноста на понудената пластична фолија и/или панели

Напомена:
*Пластична фолија или панели треба да бидат направени од крута пластика со трајност од најмалку 5 години*

В) Други документи кои се доставуваат во прилог на Понудите:

- Изјава за земја на потекло заверена со оригинал печат и потпис од добавувачот за сите градежни материјали/ставки од понудата, односно за набавка на опрема потребно е покрај земјата на потекло да се наведе и производителот за понудената опрема. Во изјавата за земја на потекло треба да биде наведен бројот на понудата за која се издава и истата да не биде постара од од три месеци сметано од денот на објавување на јавниот повик.
- Лиценца на име понудувачот за изведување на градежни работи соодветно на категоријата на градба која е предмет на инвестиција.

- Доказ за сопственичка структура на странските добавувачит

- Скица од дистрибуционата мрежа, односно шема на разводна мрежа со детален приказ на сите елементи на нивната поставеност и технички карактеристики (должина на црево, дијаметар не цревото итн.) само во случај на инвестициите за набавка на системи за наводнување.

Напомена:
Скица од дистрибуционата мрежа *се доставува доколку инвестицијата вклучува набавка на систем за наводнување.*

- Решение за регистрирање во Регистарот на снабдувачи на семе / саден материјал издадено на понудувачот на семе и саден материјал – (Управата за семе и саден материјал Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство) – КОПИЈА

Напомена:
*Решение за регистрирање во Регистарот на снабдувачи на семе и саден материјал се доставува доколку инвестицијата вклучува набавка на семе и саден материјал за винова лоза, овошје, зеленчук и хортикултура.*

- Решение за промет и/или производство издадено на понудувачот за регистрација во Регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја – (Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство) - КОПИЈА.

Напомена:

*Решение за регистрирање во Регистарот на производители и трговци на репродуктивен материјал од шумски видови дрвја се доставува во случај на набавка на брзорастечки дрва.*

Доколку АФПЗРР утврди дека кај одредени ставки во барањето се појавува некоја од горенаведените неправилности, истите ќе бидат оценети како неприфатливи трошоци и нема да бидат предмет на финансиска поддршка. Доколку овие ставки претставуваат значителен дел од вкупната вредност на инвестицијата, АФПЗРР целосно ќе го одбие барањето

- Да достави доказ дека е сопственик на објектот или има договор за закуп на објектот за минимум од 5 години во случај на инвестиции кои вклучуваат само набавка на опрема. Во случај кога барателот ја изнајмува градбата која е предмет на инвестиција за изградба или доколку се работи за инвестиции во изградба на нови објекти, барателот треба да докаже сопственост или право на користење од најмалку 10 години.

- Во случај на градежни работи на земјоделско земјиште, барателот треба да поседува правосилно одобрение за градба / реконструкција / адаптација/ доградба/ надградба на земјоделско земјиште согласно Закон за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр 135/2007, 18/2011, 148/2011, 95/2012, 79/2013, 87/2013, 106/2013, 164/2013, 39/2014, 130/2014 и 166/2014). Во случај на изградба или реконструкција на објект на градежно земјиште, барателот треба да поседува правосилно одобрение за градба / реконструкција / адаптација / доградба / надградба согласно Законот за градење (Сл. Весник на Република Македонија, бр.39/2012 градење (Сл. Весник на Република Македонија, бр. 130/09, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014 и 187/2014) и:

- Копија од ревидирана проектна документација за изградба / реконструкција / адаптација / пренамена / доградба / надградба -/ промени во тек на градење **за одобренија издадени пред 01.11.2013 година, ИЛИ**
- Ревидирана проектна документација во електронска верзија (CD) за изградба / реконструкција / адаптација / пренамена / доградба / надградба / промени во тек на градење - **за одобренија издадени по 01.11.2013 година**

Напомена:

*Одобрението се доставува само во случај кога инвестицијата содржи градежни работи. за изградба /реконструкција /адаптација /пренамена / доградба /надградба / промени во тек на градење. Одобрението за изградба /реконструкција /адаптација /пренамена / доградба /надградба / промени во тек на градење треба да биде со важност согласно одредбите од Законот за градење или во согласност со Законот за земјоделско земјиште*

- Решение за промена на инвеститор издадено од страна на соодветната единица за локална самоуправа или Министерство за транспорт и врски.

Напомена:

*Решение за промена на инвеститор се доставува во случај доколку Барателот е различен од субјектот за кој се однесува Одобрението за градење/реконструкција/ адаптација/доградба/надградба/промени во тек на изградба.*

- Времена состојба/ситуација која ќе содржи предмер пресметка за веќе изведените градежни активности заверена од страна на овластено лице

Напомена:

*Доколку до датумот на поднесување на барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 е започнато со изградба, односно нема промени во текот на градењето и има изградено одреден дел од објектот за кој е издадено соодветно Одобрение за градење и е предмет на инвестиција, во тој случај потребно е да ѕе достави Времена состојба/ситуација со која ќе се прикажат изведените градежни работи согласно одобрената Предмер - пресметка.*

- Во случај кога банката има востановено залог на недвижен имот кој е предмет на инвестиција барателот треба да обезбеди Доказ за редовно измирени обврски кон соодветната банка по основ на договор за кредит.
- Барателот треба да ги има подмирено сите доспеани обврски во однос на даноци и придонеси за здравствено, пензиско и социјално осигурување.
- Барателот треба да ги има подмирено сите обврски кон Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство по основ на склучени договори

- Барателот е должен да достави записник од Државен инспекторат за труд за исполнување на обврските од областа на безбедност и здравје при работа, за објектот кој е предмет на инвестиција и во истиот барателот ја врши соодветната дејност
- Барателот е должен да достави решение за одобрен елаборат за оценка на влијанието врз животната средина за објектот кој е предмет на инвестиција, ИЛИ

  Дозвола или поднесено Барање за Интегрирано Спречување и Контрола на Загадувањето (ИСКЗ дозвола) за објектот кој е предмет на инвестиција прибавено од Министерството за животна средина и просторно планирање, Управата за животна средина или Единицата на локалната самоуправа на чија територија се наоѓа инвестицијата.
- Барателот е должен да достави Потврда за усогласеност на инвестицијата со Стратегијата за локален развој на општината во која се наоѓа инвестицијата, ИЛИ
- Барателот треба да го елаборира во рамките на Техничкиот предлог проект / Бизнис план за придонесот на инвестицијата кон локалниот економски развој на општина во која се наоѓа инвестицијата, Доколку општината сè уште нема донесено Стратегијата за локален развој во времето на поднесувањето на барањето.

## Постапка на избор на корисници по мерка 302

Рангирањето ќе се користи за избор на инвестиции на кои ќе им се додели финансиска поддршка само доколку бараната сума на финансиска поддршка е поголема од онаа што е на располагање за определена мерка за конкретниот јавен повик. Бодувањето на барањата за финансиска поддршка во ваквиот случај ќе се користат само за мониторинг цели. Одобрувањето на финансиската поддршка за инвестиции ќе се врши врз основа на критериумите за соодветност без претходно рангирање на сите соодветни инвестиции во еден јавен повик.
Ќе се одобруваат и инвестиции кои согласно бодувањето имаат 0 бодови, доколку се исполнети критериумите за соодветност и доколку бараната сума на финансиска поддршка е помала од онаа што е на располагање за определена мерка за конкретниот јавен повик/финансиска година.“ Изборот на корисниците се врши со проверка на исполнување на условите за користење на средства за инвестиции предвидени со мерката 302.
Во случај кога бараната сума на финансиска поддршка е поголема од онаа на располагање за секоја мерка, рангирањето ќе се одвива на следниот начин:
- Доколку два или повеќе баратели имаат ист број на бодови, рангирањето ќе се врши според приемот на барањето, односно денот, часот и минутата на приемот на комплетното барање за финансиска поддршка во Агенцијата.

- Доколку вкупниот износ на барана финансиска поддршка на рангираните баратели е повисок од расположливите средства, Агенцијата склучува договор за користење на финансиска поддршка со прворангираните баратели чиј вкупен побаран износ е еднаков на расположливите средства.
-Доколку вкупниот износ на бараната финансиска поддршка на последниот од прворангираните баратели делумно ги надминува расположливите средства, Агенцијата ќе предложи склучување на договор за финансиска поддршка во износ до расположливите средства под услов инвестицијата да има економска исплатливост.

Потенцијалните корисници кои ги исполниле условите за стекнување со право на користење на средства се рангираат со бодување:

| КРИТЕРИУМ | ПОКАЗАТЕЛ | БОДОВИ АКО ДА | МАКСИМУМ БОДОВИ |
|---|---|---|---|
| Локација на проектот | - ако инвестицијата е предвидена во општини со рурални центри, ридести и планински населби, населби близу граница, економски неразвиени или специфични региони, | 15 | 35 |
| | - ако инвестицијата е предвидена во општина која граничи со Природни заштитени зони | 10 | |
| | - ако инвестицијата е предвидена во општина која граничи со локалитети од културно наследство или археолошки локалитети, согласно Законот за заштита на културното наследство | 10 | |
| Создавање можности за вработување | - ако инвестицијата дава можност за најмалку 5 до 10 нови вработувања; | 15 | 15 |
| | - ако инвестицијата дава можност за најмалку 3 нови вработувања; | 10 | |
| | - ако инвестицијата дава можност за најмалку 1 ново вработување; | 5 | |
| Зачувување на традицијата и наследството | - ако инвестицијата ги почитува традиционалните карактеристики на руралната област каде што се наоѓа (традиционален надворешен и внатрешен дизајн, традиционални рецепти, кујна, занаети, итн.) | 20 | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Промовирање на партнерски акции | Заеднички проекти во кои спаѓа приватно партнерство меѓу различни рурални економски актери | 10 | 10 |
| Подобрување на половата и старосна структура во руралните области | Инвестиции промовирани од жени | 10 | 20 |
| | Инвестиции промовирани од млади (меѓу 18 и 40 години) | 10 | |
| ВКУПНО | | | 100 |

Бодувањето ќе се користи за избор на проекти преку рангирање во случаите кога бараната сума за финансиска поддршка по примени барања го надминува достапниот буџет наменет за оваа мерка

Еден корисник може да поднесе повеќе барања за користење на средства за инвестиции по мерка 302 доколку претходно одобрените проекти се реализирани и целосно исплатени.

**Напомена: АФПЗРР нема да одбива проекти кои ги надминуваат овие износи доколу бараниот износ за кофинансирање е во рамките на максимално дозволениот износ, како што е наведено погоре.**

# В. Генерални напомени

Исплата на средства се врши по целосна реализација на инвестицијата која мора да е во согласност со Договорот за финансиска поддршка. Корисникот кој има склучен Договор за финансиска поддршка за одобрена инвестиција во целост е одговорен за реализација на одобрената инвестиција.

Финансиската поддршка се исплаќа по принцип на ко-финансирање на реализирани инвестиции во висина до 50% од вредноста на одобрената инвестиција.

**Доделената финансиска поддршка е неповратна.**

- **Принцип на единечно финансирање** – ИПАРД Програмата финансира типови на инвестиции кои не се финансираат од други грант фондови од ИПА, од Буџетот на РМ или други фондови од донаторски или финансиски институции со цел да се одбегне двојно финансирање на самата инвестиција.
- **Принцип на грант** – Поддршката по овој основ подразбира доделување на неповратни финансиски средства (грант) во висина од 50% од вкупната прифатена инвестиција од кои (75%) од Буџетот на Европската Унија и (25%) од Буџетот на Република Македонија.

- **Принцип на видливост или означување на инвестцијата** – Корисникот е должен во рок од 5 дена од денот на извршувањето на исплатата/последната исплата на видливо место, согласно Прилог 3 на договорот да истакне налепница ( големина А или Б ) и/или комеморативна плакета на која е наведено дека инвестицијата е финансирана со средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 и истата да не ја отстрани за целото времетраење на договорот. Корисникот е должен пред почетокот на спроведување на инвестицијата да постави на видливо место билборд согласно Прилог 3 од НАЦРТ ВЕРЗИЈА од Договор за финансиска поддршка (**Прилог 9**) на кој е наведено дека инвестицијата ќе биде финансирана со средства од ИПАРД Програмата 2007-2013 и истиот да не го отстрани најрано шест месеци по завршување на работите.

Инвестициите мора да ги исполнуваат минималните национални стандарди за заштита на животната средина, јавното здравство, здравјето на животните и растенијата, благосостојба на животните и заштита при работа до моментот кога се донесува одлуката за доделување финансиска поддршка освен за нови инвестиции кога исполнетоста на минималните национални стандарди се бара пред поднесување на барање за исплата.

## Општи прифатливи трошоци

Прифатливи трошоци за ко-финансирање се однесуваат на:

а) изградба или обновување на објекти

б) набавка на повеќегодишни насади

в) набавка на нови машини и опрема, вклучувајќи компјутерски софтвер во износ на пазарната вредност на средствата

г) општи трошоци поврзани со прифатливи трошоци наведени во точките а), б) и в) како што се архитекти, инжињери и други консултантски трошоци, физибилити студии, стекнување на патентни права и лиценци во максимален износ од 12% од вкупните прифатливи трошоци наведени во точките а), б) и в) и се во согласност со следните услови:

- за проекти со вкупни прифатливи трошоци на инвестиции наведени во точките а), б) и в) помали од 1.000.000 евра, во денарска противвредност, трошоците за изработка на деловен план не можат да бидат поголеми од 5% од прифатливите трошоци на овие инвестиции.

Новата механизација и опрема треба да потекнува од следните земји:

*Земји членки на ЕУ:*

Австрија, Белгија, Данска, Финска, Франција, Грција, Ирска, Италија, Луксембург, Германија, Холандија, Португалија, Шпанија, Шведска, Велика Британија, Кипар, Чешка, Естонија, Унгарија, Малта, Латвија, Литванија, Полска, Словачка, Словенија, Бугарија, Романија и Хрватска.

***Земји кандидати за ЕУ:***

Турција, Србија, Црна Гора и Македонија.

***Земји потенцијални кандидати за ЕУ:***

Босна и Херцеговина, Косово и Албанија.

***Земји од Инструментот за европско соседство и партнерство***

Алжир, Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Египет, Грузија, Израел, Јордан, Либан, Либија, Молдавија, Мароко, Палестинска самоуправа на Западниот брег и појасот Газа, Сирија, Тунис, Украина, Норвешка, Лихтенштајн, Исланд, Швајцарија и Руска федерација.

## Неприфатливи трошоци

Следниве трошоци не се прифатливи за ко-финансирање;

- даноци, вклучувајќи даноци на додадена вредност;
- царини и увозни давачки, или некои други давачки;
- купување, изнајмување или закуп на земја и постојни објекти, независно од тоа дали закупот ќе доведе до пренесување на сопственоста на закупецот;
- казни, финансиски казни и трошоци од судски спорови;
- оперативни трошоци;
- користени машини и опрема;
- банкарски давачки, трошоци за гаранции и слични давачки;
- трошоци за конверзија, давачки и загуби од девизниот курс поврзани со сметката во евра на ИПАРД, како и други исклучиво финансиски трошоци;
- придонеси во натура;
- купување на права за земјоделско производство, животни, годишни растенија и нивно засадување;
- секое одржување, амортизирање и трошоци за наем;

трошоци на јавната администрација во управување и спроведување на помошта, имено оние на оперативната структура и, особено, режиски трошоци, наеми и плати на персоналот ангажиран за активности на управување, спроведување, следење и контрола.

# Г. Постапка пред АФПЗРР

## Поднесување на барање

По објавување на јавниот повик, од страна на АФПЗРР, за поднесување на барања за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, потенцијалниот корисник на средствата треба да поднесе „барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007 – 2013“ по соодветната мерка. Барањето треба да биде коректно и читливо пополнето на македонски јазик и кирилично писмо. Заедно со барањето треба да бидат доставени и сите пропратни општи и посебни документи соодветно на типот на инвестиција. Барањата, комплетирани со целокупната документација, затворени во плик на кој на горниот лев агол да пишува „НЕ ОТВАРАЈ за јавен повик ИПАРД бр. 01“ како и мерката за која се поднесува барањето, да бидат доставени:

- по препорачана пошта на адреса:

**Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој**

**ул. „3-та Македонска бригада“ бр.20 зграда на Македонија Табак блок Ц**

**1000 Скопје, Република Македонија** или

- лично на рака во писарницата на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР), на истата адреса.

Потребните обрасци од „Барањето за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013“ како и „Упатство за корисници на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013“ во кој се содржани сите информации за критериумите, условите за прифатливост на проектите и условите за финансирање и останати информации кои се неопходни за изготвување на барање за користење на средства од ИПАРД Програмата 2007-2013, во електронска верзија може да се превземат на интернет-адресата на Агенцијата: www.pa.gov.mk.

**Напомена:**
**Барателот може да поднесе повеќе барања по различни мерки за време на еден јавен повик.**
**Барателот може да поднесе едно барање на еден јавен повик во рамките на една мерка.**
**Доколку мерката е составена од под-мерки барањето може да содржи елементи од повеќе подмерки.**
**Доколку барателот повторно поднесува барање по истата мерка, претходниот проект за кој е одобрена финансиска поддршка треба да биде исплатен или за претходниот проект да има решение за одбивање на истиот.**

„Под „Општи трошоци“ се подразбираат:

- Општи трошоци за подготовка на деловен план: Консултантски трошоци за подготовка на првични студии, анализи, собирање на податоци, физибилити студии и други плански документи; трошоци за услуги од архитекти и инженери во секоја фаза на планирање: подготовка на идејниот проект, физибилити студии, технички проект, придружни проекти итн.; консултантски трошоци за теренски испитувања кои се состојат од геолошки, хидролошки студии, студии за животна средина, итн.; консултантски трошоци (вклучително патни трошоци и дневници) за изработка на деловен план во согласност со објавените Упатства за корисници на ИПАРД Програмата 2007-2013; други трошоци за собирање на дополнителни документи и дозволи

- Општи трошоци за спроведување на проектот: Консултантски трошоци (вклучително патни трошоци и дневници) за давање на техничка помош за управување со проект во текот на спроведувањето на проектот (не повеќе од три стручни лица); трошоци за услуги на архитекти и инженери за надзор на работи за изградба / реконструкција на локацијата каде што се гради проектот извршен од страна на лиценциран надзорен инжинер на проектот и градежен ревидент; трошоци за давање на конструкторски услуги

- Општи трошоци за стекнување на патентни права и лиценци

- Трошоци за публицитет и информирање за инвестицијата: Дизајн на материјалот за публицитет и информирање; печатење на за конструкција на билборди.

Трошоците за изработка на деловен план изработка на проектна и друга техничка докуменатција, надомест за консултантски услуги, изработка на физибилити и слични студии, техничко-технолошки елаборати, елаборати за животна средина купување на патентни права и лиценци, се прифатливи доколку се направени по 01.01.2007 година.

Доколку за општите трошоци се бара финансиска поддршка од АФПЗРР потребно е истите да бидат детално разложени на експерти, извршени активности по експерт, потребни работни часови или денови по активност/експерт, цена на чинење на час или ден по активност/експерт, патни трошоци (доколку ги има) .

Понуди за општи трошоци се доставуваат доколку општите трошоци не се

исплатени и понудите за консултантски услуги и изработка на Деловен план треба да се прибавени од лица кои не се јавуваат како понудувачи на предметот на инвестицијата.

Фактури за општи трошоци се доставуваат доколку општите трошоци се исплатени, меѓутоа истите за да бидат прифатливи треба да се настанати по 1 јануари 2007, и да се изготвени/обезбедени од лица кои не се јавуваат како понудувачи на предметот на инвестицијата.

## Обработка на барање и избор на корисници

По направената контрола за комплетност на барањето, веродостојност на податоците дадени во барањето и неговата прифатливост согласно со критериумите следува рангирање на поднесените проекти со бодување. По извршената контрола на фактичката состојба на терен од страна на АФПЗРР, потенцијалниот корисник ќе биде писмено известен за прифаќање или одбивање на неговото барање. Доколку барањето биде оценето позитивно и прифатено, АФПЗРР до потенцијалниот корисник испраќа "Решение за распределба на финансиски средства".

Против решенијата на АФПЗРР не е дозволена жалба и истите се конечни во управна постапка. Против решенијата на АФПЗРР може да се поведе управен спор. Поведувањето на управниот спор не го одлага извршувањето на решението (член 20 од Законот за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој („Службен весник на Република Македонија" бр.72/07 и 05/09)).

## Склучување на договор

Со решението за распределба на финансиски средства, АФПЗРР го известува потенцијалниот корисник дека во рок од 30 дена треба да дојде во просториите на АФПЗРР да потпише „Договор за финансиска поддршка" со АФПЗРР (**Прилог 9** на ова упатство). По потпишување на договорот потенцијалниот корисник може да отпочне со реализација на проектот. Договорот се потпишува во 4 (четири) идентични примероци од страна на корисникот и директорот на АФПЗРР, од кои по два примерока добива секоја од договорните страни.

## Обработка на барање за исплата и постапка за одобрување на исплата

Откако ќе биде завршена инвестицијата, крајниот корисник треба да достави барање за исплата. Барањето за исплата е пропратен документ на договорот потпишан помеѓу корисникот и Агенцијата. Заедно со барањето за исплата треба да се достави и останатата документација поврзана со направените трошоци (фактури, налог ПП-30, извод од банка) и останати документи наведени во самото барање за исплата. Документите кои ќе бидат доставени од

страна на корисникот треба да бидат заверени со потпис и печат од органот/фирмата која ги издава.

Барање за исплата е унифициран образец кој што крајните корисници го добиваат при потпишување на договорот, за мерките 101, 103 и 302. Барањата за исплата исто така ќе бидат достапни за подигнување во просториите на Агенцијата и од интернет страната www.pa.gov.mk.

Барањата за исплата се доставуваат согласно временскиот рок даден во договорот. Корисникот е обврзан своерачно или електронски да го пополни барањето за исплата и да ги наведе фактурите/про-фактурите кои ги доставува до Агенцијата, притоа наведувајќи за која мерка и тип на инвестиција го поднесува истото.

Проверката на финансиската документација се извршува исклучиво на оригинали или копии заверени на нотар при што во случај да се доставени оригинални документи во текот на постапката за одобрување на исплата Агенцијата е должна да ги испратат истите до крајниот корисник. Истите ќе бидат означени со печат на Агенцијата како би се избегнало понатамошно двојно финансирање.

Доколку документите кои се пропратни кон барањето за исплата се достават после рокот, барањето ќе биде одбиено и договорениот износ на финансиска поддршка нема да биде исплатен.

Доколку се настанати промени во барањето за исплата т.е се набават активности кои не се предмет на договорот, а притоа не е поднесено барање за анекс на договор, истото барање нема да биде исплатено, или ќе биде делумно исплатено во зависност од ефектот кој настаната промена ќе го има врз целокупната инвестиција која е предмет на договорот.

Доколку корисникот не се придржува кон одредбите од договорот кои се однесуваат на рокот на реализација на инвестицијата, треба да се има во предвид дека сите активности настанати пред потпишување на договорот (освен трошоците направени за интелектуални услуги) нема да се дел од финансиската поддршка. Сите активности набавени пред рок т.е. пред потпишување на договорот нема да бидат предмет на инвестиција. Исто така сите набавени и исплатени активности после рокот на реализација на инвестицијата или во рокот на доставување на барањето за исплата нема да бидат предмет на финансиска поддршка.

После административната проверка доколку барањето за исплата е комплетно и соодветно, предметот ќе биде проверен на лице место од страна на овластени лица на Агенцијата кои имаат за цел да ја проверат реализацијата на инвестицијата во целост и во согласност со договорот. По извршената контрола на лице место, ќе биде изработен извештај во кој детално ќе биде опишана фактичката состојба утврдена на лице место. Истиот треба да биде потпишан од страна на лицата кои ја вршат контролата и од самиот корисник или овластено лице од страна на корисникот. Во случај на забелешка на извршената контрола, корисникот има право истата да ја наведе во извештајот.

После извршената контрола, доколку се констатира дека инвестицијата е реализирана во целост и во согласност со договорот, се продолжува со постапката за одобрување на исплата. Доколку се констатира неусогласеност на процесот на реализација на инвестицијата во целост и во согласност со договорот се продолжува постапката за одбивање на барањето за исплата.

Откако ќе биде одобрена исплатата, Агенцијата издава решение за одобрување на исплата. Доколку биде одбиено барањето за исплата, Агенцијата издава решение за одбивање.

Со решението крајниот корисник ќе биде известен за сумата која му е одобрена т.е одбиена.

Сите одобрени и исплатени инвестиции ќе бидат предмет на контрола во период од 5 години после извршената исплата со цел да констатира оддржливоста и непроменетоста на инвестицијата согласно договорот.

Сите исплатени инвестиции ќе бидат објавени на интернет страната на Агенцијата со цел да се запази одредбата за транспарентност на постапката, а притоа ќе биде запазени одредбите за заштита на личните податоци на сите корисници на средствата од ИПАРД Програмата.

# Д. ОСТАНАТИ ПРИЛОЗИ

Прилог 1 - Список на прифатливи активности за преработка на храна

| Производство на прехрамбени производи Описно | НКД Рев. 2 |
|---|---|
| Производство на мед и пчелин восок | 01.49 Одгледување на други животни |
| Работа на кланиците кои се занимаваат со колење, обработување и пакување на месо и живина:говедско, свинско, јагнешко, зајачко, овчо, итн и/или живина<br>Топење на маст и останати масти за исхрана од животинско потекло или од живина<br>Преработка на животински изнутрици | 10.11 Преработка и конзервирање на месо<br>10.12 Преработка и конзервирање на живинско месо |
| Производство на сушено, солено и чадено месо<br>Производство на месни производи: колбаси, салами, паштети, | 10.13 Производство на животинско и живинско месо |
| Подготовка и конзервирање на свежа риба, мекотели и лушпари(сушење, готвење, чадење, солење, саламурење, кавијар) | 10.20 Преработка и конзервирање на риба, мекотели и лушпари |
| Производство на овошен џем, мармалад, желе, компоти, кори од овошје и други делови од растенија во шеќер, суво овошје, овошни сокови и друго конзервирано овошје<br>Преработка на печурки<br>Пржење на ореови плодови, производство на паста од ореови плодови<br>Преработка на зеленчук: мелење на пипер, традиционално конзервирање на зеленчук ("ајвар", "пинџур", "лутеница", "малиџано" и други традиционални мешавини од варен зеленчук и паштети), конзервирање зеленчук (во масло или оцет), варен зеленчук , сушен зеленчук;<br>Производство на концентрати од свежо овошје и зеленчук | 10.32 Производство на сокови од овошје и зеленчук<br>10.39 Друга преработка и конзервирање на овошје и зеленчук |
| Производство и преработка на растителни масла: сончогледово семе масло, маслени семки, маслодајно семе, маргарин итн. | 10.41 Производство на масла и масти<br>10.42 Производство на маргарин и слични масти за јадење |
| Производство на млечни производи:јогурт, | 10.51 Преработка на млеко и производство |

| | |
|---|---|
| кисело млеко, сирење (бело сирење, меко сирење, кашкавал), путер, млечни намази, изварка (т.е. урда), павлака, сурутка | на сирења |
| Мелнички производи:<br>Мелење на жита:производство на брашно, гриз, прекрупа или топчиња од пченица, 'рж, овес, пченка и други жита<br>Обработка на ориз:производство на бланширан, мелен, полиран, глазиран, делумно сварен или конвертиран;производство на брашно од ориз<br>Мелење на зеленчук: производство на брашно од сушен мешункаст зеленчук, корен или трупка или од ореови плодови за јадење | 10.61 Производство на мелнички производи |
| Пекарски производи:<br>Производство на пекарски производи: леб и кифли, печива, колачи, слатки пити, вафли, бисквити и други суви пекарски производи, без разлика дали се слатки или солени | 10.71 Производство на леб, слатки (колачи, торти) во свежа состојба и бисквити (кекси)<br>10.72 Производство на двопек и бисквити; производство на конзервирани слатки и печива |
| Тестенини производи:<br>Производство на традиционалните тестенини како "јуфки", "тарана", "кадаиф", кнедли и слични тестенини производи, без разлика варени или неварени или полнети | 10.73 Производство на макарони, њоки, кускус и слични тестенини |
| Производство на билен чај<br>Мешавини на чај, производство на екстракти и преработки базирани на чај, пакување чај вклучувајќи пакување чај во кесички, производство на лековити билки (нане, вербена, камилица и итн.) | 10.83 Преработка на чај и кафе |
| Производство на зачини<br>Производство на оцет | 10.84 Производство на зачини и други додатоци |

Производство на пијалоци

| Описно | НКД Рев. 2 |
|---|---|
| Производство на вино и алкохолни пијалоци од грозје или од овошје, пиво | 11.01 Дестилирање, прочистување и мешање на алкохолни пијалоци<br>11.02 Производство на вино од грозје<br>11.03 Производство на јаболковина и вина од друго овошје<br>11.04 Производство на други недестилирани ферментирани пијалаци<br>11.05 Производство на пиво |

Прилог 2 - Список на прифатливи активности за преработка на непрехрамбени производи

| Описно | НКД Рев. 2 |
|---|---|
| Производство на трупци за потребите на индустријата која се темели на преработка на дрво<br>Производство на трупци кои се користат во необработена форма како што се:јамски потпори (дрва), столбови за ограда, наменски стапови<br>Собирање и производство на дрво за добивање енергија<br>Собирање и производство на шумски отпадок од сечење дрва за енергија<br>Производство на дрвен јаглен (ќумур) во шума на традиционален начин | 02.20 Искористување на шумите |
| Производство на готова храна за домашни животни, вклучувајќи и концетрирана и дополнителна храна за животните<br>Подготвување на неизмешана (посебна) храна за домашни животни | 10.91 Производство на готова храна за животни на фарма (домашни животни) |
| Производство на готова храна за домашни миленици, вклучувајќи кучиња, мачки, птици, риби итн<br>Обработка на отпадот и остатоците од кланица за производство на храна за домашни животни | 10.92 Производство на готова храна за домашни миленици |
| Пилење, рамнење и машинска обработка на дрво, Сечење (на парчиња), лупење и стружење на трупци, Производство на дрвени железнички прагови, Производство на | 16.10 Пилење и стружење на дрво |

| | |
|---|---|
| несоставена дрвена граѓа за патоси<br>Производство на дрвена волна, дрвено брашно, деланки, ленти, Сушење на дрво<br>Импрегнирање или хемиска постапка со дрво со користење на заштитни средства или друг материјал | |
| Производство на тенки фурнир листови за употреба како фурнири за правење шпер-плочи, плочи и панели и за други намени:<br>-рамнење (мазнење), боење, преслекување, импрегнирање, зајакнување зацврстување (со хартија или текстилна поткрепа од ткаенина)<br>-правење на облици (форми) со мотиви<br>Производство на шпер-плочи, фурнирани панел плочи и слични ламинирани дрвени табли и листови<br>Производство на т.н. ориентирани иверки, како и други видови иверки и плочи-влакнатици<br>Производство на средно густи плочи-влакнатици, како и други плочи-влакнатици<br>Производство на збиени(густи) дрва<br>Производство на залепени(прицврстени ламинирани дрва и ламиниран фурнир | 16.21 Производство на фурнир и други плочи од дрво |
| Производство на производи од дрво наменети првенствено за употреба во градежништвото:<br>-греди, коси греди за покриви, покривни потпорни греди<br>-залепени(прицврстени), ламинирани и метално поврзани, како монтажни дрвени покривни потпирачи (главни греди)<br>- врати, прозорци, капаци и нивни рамки, кои содржат или не метални елементи, како што се:шарки (на врата), брави, итн.<br>-скали, огради<br>-дрвени декоративни елементи, интарзија, шиндра<br>Производство на монтажни згради и нивни елементи, претежно од дрво, како на пр. сауна<br>Производство на мобилни куќи Производство на дрвени прегради(освен самостоечки) | 16.23 Производство на друга градежна столарија и подови |
| Производство на сандаци за пакување, кутии, | 16.24 Производство на дрвена амбалажа |

| | |
|---|---|
| гајби, барабани и слична амбалажа од дрво<br>Производство на палети, палети во вид на сандаци и други товарни табли од дрво<br>Производство на буриња, бочви, каци и други бочварски производи од дрво<br>Производство на барабани (калеми) за кабли од дрво | |
| Производство на брановидна хартија и картон<br>Производство на амбалажа од брановидна хартија и картон<br>Производство на картонски кутии на склопување<br>Производство на амбалажа од цврсти блокови<br>Производство на останата амбалажа од хартија и картон<br>Производство на вреќи и кеси од хартија<br>Производство на канцелариски фасцикли за акти и сл. | 17.21 Производство на брановидна хартија и картон и на амбалажа од хартија и картон |
| Производство на етикети<br>Производство на филтер хартија и картон<br>Производство на бобини, шпулни, поклопци, итн. од хартија и картон.<br>Производство на кутии од картон обликувани за јајца и други обликувани целулозни производи за пакување, итн. | 17.29 Производство на други предмети од хартија и картон |
| Производство на екстракти од природни ароматични продукти<br>Производство на миризливи мешавини за произведување на парфеми и храна<br>Производство на парфеми и тоалетни препарати:<br>-парфеми и тоалетни води<br>-препарати за разубавување и шминкање<br>-препарати за маникир и педикир<br>Производство на козметички сапуни<br>Преработка на ботанички производи (мелење, сортирање, дробење) за фармацевска | 20.53 Производство на етерички масла<br>20.42 Производство на парфеми и тоалетни препарати<br>21.20 Производство на фармацевтски препарати |
| Производство на вештачки ѓубрива:<br>-основни или сложени азотни, фосфорни или калиумови вештачки ѓубрива<br>-уреа, сурови природни фосфати и сурови | 20.15 Производство на вештачки ѓубрива и азотни соединенија |

| | |
|---|---|
| природни калиумови соли<br>Производство на производи на азотни соединенија:<br>-азотни и сулфоазотни киселини, амонијак, амониум хлорид, амониум карбонат, нитрати и нитрати на калиум<br>Производство на шалитра со тресет како основна состојка<br>Производство на шалитра од смеси (мешавина) на природна земја, песок, глина и минерали | |
| Производство на инсектициди, родентициди, фунгициди, хербициди, акарициди, молусциди, биоциди<br>Производство на средства против 'ртење, средства за регулација на растот на растенијата<br>Производство на средства за дезинфекција (за земјоделството и друга употреба)<br>Производство на други хемикалии за земјоделството неспомнати на друго место | 20.20 Производство на пестициди и други агрохемиски производи |
| Производство на столови и седишта за канцеларии, работилници, хотели, ресторани и јавни места<br>Производство на столови и седишта за театри, кина и сл.<br>Производство на специјален мебел за продавници:тезги, мебел за излози, сталажи, итн.<br>Производство на канцелариски мебел<br>Производство на лабораториски клупи, столчиња и други лабораториски седишта, како и лабораториски мебел (на пр.катедри и маси)<br>Производство на мебел за цркви, училишта и ресторани:<br>-ресторански колички, како што се количка за десерт, количка за храна | 31.01 Производство на канцелариски мебел и мебел за продавници |
| Производство на кујнски мебел | 31.02 Производство на кујнски мебел |

Прилог 3 - Список на прифатливи традиционални занаетчиски дејности во рамки на мерката 302

**Производство на облека**

| Описно | НКД Рев. 2 |
|---|---|
| Производство на облека од кожа или композитна кожа вклучувајќи кожни индустриски предмети како што се престилки за заварување | 14.11 Производство на кожна облека |
| Производство на останата горна облека од ткаен, плетен и хеклан текстил, неткаен текстил итн., за мажи, жени и деца: палта, комплети, костуми, јакни, панталони, здолништа итн.<br>Шиење по нарачка<br>Производство на делови за горе -споменатите производи | 14.13 Производство на друга горна облека |
| Производство на облека за бебиња, облека за џогирање, скијачки одела, костуми за капење итн.<br>Производство на шапки и капи<br>Производство на друг прибор за облекување: ракавици, појаси, шалови, машни, вратоврски, мрежи за коса итн.<br>Производство на капи од крзно<br>Производство на обувки од текстил без ѓон<br>Производство на делови за гореспоменатите производи | 14.19 Производство на други предмети и прибори за облека |
| Производство на производи изработени од крзно: крзнена облека и прибор, составени крзна како што се парченца, плочи и ленти итн., разновидни производи од крзно: ќебиња, килими, табуретки, индустриски крпи за полирање | 14.20 Производство на предмети од крзно |
| Производство на чорапи, вклучувајќи и сокни (куси чорапи), трико-чорапи и хула-хоп чорапи | 14.31 Производство на плетена и хеклана облека |
| Производство на плетена и хеклана облека и други готови предмети: пуловери, џемпери, елеци и слични производи | 14.39 Производство на друга плетена и хеклана облека |

**Производство на кожа и слични производи од кожа**

| Описно | НКД Рев. 2 |
|---|---|
| Штавење, боење и доработка на кожа<br>Производство на антилопски обработена, пергаментно обработена, лакирана или метализирана кожа<br>Производство на композитна кожа | 15.11 Штавење и доработка на кожа; доработка и боење на крзно |

| | |
|---|---|
| стружење, четкање (чистење), штавење, белење, шишање (стрижење) и чепкање (кубење) и боење на кожа со крзно и сурова кожа со влакна | |
